Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 01-101/2
07-02 2020 год.
Аеродром-Скопје

Врз основ на член 108 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/2019) и врз основ на одредбите од Статутот на ООУ Љубен Лапе Општина Аеродорм Скопје бр. 01-50 / 1 од 24.01.2020 година, Училишниот одбор на ООУ Љубен Лапе Општина Аеродорм Скопје на својата седница одржана на ден 7.2.2020 година го донесе следниов

Д Е Л О В Н И К
За работа на Училишниот одбор на Општинското основното училиште Љубен Лапе Општина Аеродорм Скопје

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

член 1

Со овој деловник се утврдува начинот на работа на училишниот одбор и начинот на работа на членовите на училишниот одбор (во натамошниот текст одборот), при ООУ Љубен Лапе Општина Аеродорм Скопје (во понатамошниот текст училиштето)

Член 2

Одборот е орган на управување на училиштето.

Одборот врши работите од својата надлежност кои се утврдени со Закон, со Статут на училиштето и со други подзаконски и нормативни акти

За вршење на одредени работи и задачи од својот делокруг одборот може да формира комисии и други повремени работни тела.

.член 3

Училишниот одбор е составен од седум члена и тоа:

- тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачи во училиштето,
- тројца претставници од родителите/старателите на учениците,
- еден претставник од основачот.

На седниците на училишниот одбор се поканууваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и дваица претставници од учениците избрани од ученичкиот парламент.

Членовите во училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен, за што сите членови потпишуваат изјава.

член 4

- Претставниците на наставниците, стручните соработници и воспитувачите, ги избира и разрешува наставничкиот совет на училиштето, со непосредно и тајно гласање.
- Претставници на родителите/старателите на учениците ги именува и разрешува советот на родителите, со непосредно и тајно гласање
- Претставникот на основачот ги избира и разрешува Советот на општината.

член 5

Претставниците на родителите, односно старателите на учениците и од основачот не можат да бидат именувани односно избирани од редот на вработените во училиштето.

CamScanner

член 6

Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците од родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

член 7

Конститутивна седница на училишниот одбор свикува и до изборот на претседател на училишниот одбор раководи најстариот член на училишниот одбор.

Училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.

За претседател на училишниот одбор се смета кандидатот кој освоил најголем број на гласови од вкупниот број членови со право на глас. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите кои имаат ист најголем број на гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот кој има освоено најмногу гласови од вкупниот број членови со право на глас. Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број членови, постапката за избор на претседател на училишниот одбор се повторува.

Постапката за изборот на заменик претседател на училишниот одбор се врши на ист начин како и изборот на претседател на училишниот одбор.

За заменик претседател на училишниот одбор се избира член од редот на претставници од родителите, односно старателите на учениците

Доколку ни еден од членовите на одборот именуван од родители старатели не прифаќа да биде претседател и заменик претседател тогаш се избира од редон на членовите на одборот именувани од Наставнички совет.

Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

член 8

Одборот работи на седница

Седниците ги свикува по потреба и со нив раководи претседателот на училишниот одбор најмалку три дена пред одржувањето на седницата со писмена покана.

Седницата на училишниот одбор може да се одржи ако се присутни повеќе од половина од членовите на одборот

Во отсуство на претседателот со седницата раководи заменик - претседателот на училишниот одбор.

Седниците на училишниот одбор ги свикува неговиот претседателот или заменик претседателот и тоа:

- по своја иницијатива;
- по барање на директорот на училиштето;
- по барање на една третина од вкупниот број членови на училишниот одбор;
- по барање на една третина од вкупниот број вработени во училиштето;
- по барање на советот на родители во училиштето и
- по барање на ученичкиот парламент на училиштето.

Седниците се одржуваат по правило во работен ден, а одлука за тоа донесува претседателот на одборот.

член 9

На седниците на училишниот одбор може да присуствува и директорот, доколку училишниот одбор оцени дека е потребно негово присуство, без право на глас.

CamScanner

член 10

Седницата на Училишниот одбор по правило е отворена и јавна.

За остварување на јавност во работата на одборот се грижи претседателот

II. ВЕРИФИКАЦИЈА И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ

член 11

Верификација на мандатите на новоизбраните членови се врши на првата конститутивна седница

Првата конститутивна седница на одборот за верификација на мандатите се одржува најдоцна 15 дена од денот на изборот на членовите.

член 12

Мандатот на член на училишниот одбор може да му престане и пред истекот на три години.

Мандатот на членот на одборот му престанува во следниве случаи:

- по негово барање;
- со престанок на работен однос во училиштето (за претставник од наставниците);
- со престанок на статусот ученик (за претсавник од родителите) и
- ако е осуден на казна затвор.

Мандатот на член на училишен одбор треба да биде отповикан ако неоправдано отсуствува од три последователни седници на училишниот одбор.

член 13

Секој член на одборот има право да поднесе оставка

Оставката се оподнесува писмено до претседателот на одборот.

Членот што поднел оставка има право писмено да ги изнесе причините за оставката

Претседателот на одборот примената оставка ја става на дневен ред на првата наредна седница, на која се води претрес и по завршувањето на истиот се гласа за прифаќање или неприфаќање на оставката.

III. НАДЛЕЖНОСТ НА ОДБОРОТ

член 14

Училишниот одбор ги врши следниве работи:

- донесува статут на основното училиште;
- предлага годишна програма за работа и извештај за работата на основното училиште до советот на општината;
- донесува програма за развој на училиштето;
- предлага финансиски план до основачот;
- предлага завршна сметка до основачот;
- објавува јавен оглас за избор на директор на основно училиште;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- предлага на градоначалникот еден, кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;
- дава предлог до директорот за избор на наставниците, стручните соработници и воспитувачите;
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште;
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици

CamScanner

-избира свои постојани и повремени комисии, ги именува и разрешува нивните членови, го утврдува нивниот делокруг на работење
- донесува деловник за работа на одборот
- врши други работи утврдени со Стаутот на училиштето

IV. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ

член 15

Членот на одборот има права и должности утврдени со Устав, Закон и Статут

член 16

Членот на одборот има право и должност да присуствува и да учествува во работата и во одлучувањето на училишниот одбор

Членот на одборот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата, должен е зато благовремено да го извести или претседателот на одборот, или директорот на училиштето.

Членот на одборот кој од оправдани причини е отсутен во исклучителни ситуации може дополнителнио да го оправда своето отсуство.

За присуство на членовите се води евиденција во записникот.

член 17

Секој член на одборот има право да присуствува на седницата на работните тела на одборот иако не е член на тие тела.

Секој член на одборот освен што може да присуствува на седницата на работните тела може и да учествува во нивната работа без право на одлучување.

член 18

Членот на одборот има право да:
- зборува на седницата за прашања кои се на дневен ред,
- дава предлози за донесување одлуки, заклучоци и други акти
- да предлага претрес на прашања кои се однесуваат на рботата на училиштето,
- да бара информации од училиштето од спроведување на актите кои се донесени на одборот
- да бара појаснување од службите на училиштето, информации и материјали во врска со работата на одборот и училиштето
- да поставува прашања (усно на самата седница или писмено помеѓу две седници) во врска со рабоата на службите во училиштето,
- да поставува прашања (усно на самата седница или писмено помеѓу две седници) до директорот на училиштето, на кои тој е должен да одговори на истата седница или најдоцна на првата наредна седница
- да гласа за предлог одлуката на седницата (за или против)
- да се воздржи од гласање.

член 19

Членот на одборот нема право на глас за предлог одлуки со кои се одлучува за негови права и обврски (во случај на повреда на право од работен однос, при утврдување на дисциплинска одговорност, по негова жалба на право од работен однос и слично)

член 20

Членот на одборот е должен да се придржува на пропишаниот ред на седницата

CamScanner

За повреда на пропишаниот ред на седницата, спрема членот на одборот можат да се изречат мерки кои се утврдени во овој деловник.

V. ПОДГОТВУВАЊЕ НА СЕДНИЦА НА ОДБОРОТ

член 21

Училишниот одбор одлучува за сите прашања од својот делокруг на седница.

Седниците на одборот се одржуваат по потреба, а ја свикува претседателот на одборот или неговиот заменик (ако е тој спречен), по иницијатива на лицата наведени во член 8 став 5 од овој деловник.

член 22

Седницата се свикува со Одлука која содржи:

-време и место на одржување на

-предлог дневен ред

-Лица кои се поканети на седницата и

-набројување на материјали кои треба да бидат доставени заедно со поакните до лицата кои учествуваат на седницата.

член 23

Предлогот на дневниот ред го утврдува претседателот на одборот во соработка со членовите на одборот, а во исклучителни ситуации предлог дава и директорот доколку сака да поднесе некое известување до одборот.

член 24

Материјалот за седница содржи предлог одлуки за седницата, извештаи, барања , програми и слично.

Со материјалите се доставува и записникот од минатата седница на одборот

Доколку записникот не е доставен во материјалите, се чита на самата седница и се усвојува со гласање.

Материјалот се доставува заедно со поканата.

член 25

Свикувањето на седницата се огласува благовремено на огласна табла во училиштето.

член 26

Седницата на одборот се свикува со писмена покана најдиоцна три дена пред одржување на седницата.

За уредно доставенма покана ќе се смета и испраќање на истата заедно со материјалите на електронска адреса од членовите од одборот.

Во исклучителни случаи покани за седница може да се испратат и во пократок рок, ако тоа го налага итноста на предметот за кој треба да се решава.

Поканата содржи:

-Место на одржување на седницата,

-Време на одржување на седницата

-Предлог дневен ред и

-Материјали за седница

CamScanner

VI. СЕДНИЦА НА ОДБОРОТ

член 27

Со седницата на одборот претседава Претседателот на одборот

Во случај на спреченост на претседателот со седницата претседава заменик претседателот на одборот, а во случај на негова спреченост со седницата претседава најстариот член на одборот по возраст.

член 28

Училишниот одбор може да работи само ако се присутни повеќе од половина членови.

Ако нема доволен број членови за одржување на седницата, таа се одложува.

По констатирањето на мнозинството присутни членови,

По утврдување на бројот на членовите на одборот, односно по утврдување на тоа дали има кворум за работа се става на гласање записникот од мината седница.

На записникот може да стави забелешки секој член на одборот.

За основаноста на забелешките одборот одлучува без претрес.

Усвоените забелешки се внесуваат во записникот на седницата, а соодветните исправки и дополненија во записникот од претходната седница.

Записникот на кој се ставени забелешки односно записникот во кој согласно согласно со усвоените забелешки се извршени измени се смета за усвоен.

Усвоениот записник го потпишува претседателот.

член 29

Претседателот на училишниот одбор ја отвора седницата и го чита дневниот ред, ги повикува членовите да се изјаснат за него или да дадат свои предлози за евентуални измени или дополнувања.

Членот на одборот може по исклучок да предложи на дневен ред на седницата да се постави одредено прашање, за решавање но е должен при тоа да ја образложи итноста од тоа.

член 30

По утврдувањето на дневниот ред се преминува на претрес на одделни прашања, според редот во усвоениот дневен ред.

На седницата се претресува секое прашање што е ставено на дневен ред пред да се одлучи по него, освен ако со овој деловник е определено да се одлучува без претрес.

Член 31

Секој член на одборот и другите присутни лица на седницата имаат право да учествуваат во дискусијата.

Никој не може да земе учество во дискусијата пред да добие збор од претседателот на одборот.

член 32

Учесникот во дискусијата може да дискутира само за прашање кое ена дневен ред.

Претседателот на одборот се грижи учесникот во дискусијата да не биде попречуван во своето излагање.

Учесникот на дискусијата може да се опомене на ред или да му го прекине говорот само претседателот на одборот и тоа во случај само ако учесникот во дискусијата го нарушува редот на седницата или ако се оддалечи од прашањето кое е на дневен ред.

Одборот може да одлучи во определени случаи поединечните дискусии времено да се ограничат.

CamScanner

член 33

Дискусијата по определено прашање трае и се води се додека за него има пријавени за збор.

Претседателот го заклучува претресот по точката од дневниот ред откако ќе утврди дека нема повеќе пријавени за збор односно по завршувањето на дискусијата на последниот учесник пријавен за збор.

член 34

Претресот по одделени прашања по правило е единствен, освен во некои исклучителни ситуации.

Во текот на претресот, за предлогот се расправа во целост, а ако на седницата така се одлучи, може да се расправа по делови и по одделни членови односно точки.

член 35

По завршувањето на дискусијата по одредена точка од дневниот ред, претседателот формира заклучок, став или ја соопштува одлуката која треба да се донесе, а потоа се врши гласање.

Доколку се донесе заклучок, став или одлука, претседателот го чита и го прогласува за донесен.

Донесените заклучоци, ставови или одлуки на училишниот одбор се издвојуваат во посебен документ кој го потпишува претседателот на училишниот одбор, а потоа се архивира и објавува.

Гласањето е јавно, ако поинаку не е пропишано.

Јавното гласање се врши со дигање на рака или со поименична прозивка и изрично изјаснување на членовите на одборот

Во исклучителни случаи на тајно гласање, тоа се врши со гласачки ливчиња.

Членовите на одборот гласаат за или против предлог одлуката ставена на гласање.

Членовите на одборот исто така имаат право и да се воздржат од гласање.

По завршеното гласање претседателот го утврдува резултатот од гласањето.

Резултатот од гласањето се утврдува врз основ на бројот на гласовите дадени ЗА и ПРОТИВ на предлогот на одлуката и бројот на воздржаните членови од гласањето.

Предлогот на одлуката е прифатен и одлуката е донесена ако за предлогот гласале ЗА најмалку четири члена од одборот.

Ако бројот на гласовите за и против биде подеднаков седницата се прекинува на 15 минути, а по прекиниот се продолжува со дискусијата и повторно се гласа.

Ако и на повторното гласање резултатот остане ист прашањето ќе се изнесе на наредната седница на Училишен одбор.

По завршеното утврдување на резултатите од гласањето претседателот ја објавува одлуката на одборот.

член 36

Закажаната седница на одборот се одлага кога ќе настапат причини кои оневозможуваат одржување на седницата на закажаниот ден.

Седницата се одлага и кога по отворањето на седницата се утврди дека на седницата не присуствуваат доволен број на членови на одборот за полноважно одлучување.

Седницата ја одложува лице кое ја свикало седницата или претседавачот кој ја водел седницата на одборот.

член 37

Седницата на одборот се прекинува во следниве случаи.

- заради одмор во текот на седницата

CamScanner

- заради повторна дискусија на иста предлог одлука и повторно гласање во случај кога бројот на гласовите бил ист при првото гласање
- кога во текот на седницаца бројот на присутните членови опадне под пропишаниот број за полноважно одлучување (помалку од четири члена)
- заради поголем број на точки на дневен ред седницата не може да се заврши во еден ден
- заради потешко нарушување на редот на седницата.

Седницата ја прекинува претседателот или претседавачот.

член 38

Прекинатата седница со исклучок на случајот во алинеја 2 од член 37 став 1 на овој деловник продолжува најкасно во рок од три дена од прекинување на истата.

Продолжението на седницата го закажува претседателот на одборот.

Седницата која е прекината заради повторна дискусија на иста предлог одлука и повторно гласање, во случај кога бројот на гласовите бил ист при првото гласање, продолжува во рок од 15 минути по прекинот.

член 39

По завршениот претрес и одлучувањето по сите точки од дневен ред на седницата, претседателот јавно утврдува дека седницата на одборот е заклучена. Заклучената седница на одборот не може да се продолжи

VII . ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ НА СЕДНИЦАТА

член 40

За повредата на пропишаниот ред на седницата на присутните лица можат да се изречат следните мерки::

-опомена;
-одземање на зборот;
-оддалечување од седницата.

Изречените мерки се запишуваат во записникот од седницата.

член 41

Опомена се изрекува на присутното лице со своето однесување или со говор на седницата го нарушува пропишаниот ред

Опомената ја изрекува претседавачот.

член 42

Одземање на збор се изрекува на присутно лице кое со својот говор го нарушува редот, а веќе на истата седница еднаш имал опомена.

Одземање на зборот го изрекува претседавачот.

член 43

Оддалечуваење од седница се изрекува на присутното лице кое не ќе постапи по налог на претседавачот кој му изрекол одземање на зборот или кое на друг начин грубо го попречува работењето на одборот.

Оддалечувањето од седница го изрекува одборот.

IX . АКТИ НА ОДБОРОТ

член 44

Одборот на своите седници донесува:

CamScanner

- Одлуки,
- Мислења
- Предлози
- Препораки
- Ставови
- Заклучоци
- Задолженија

член 45

Донесени се и полноважни се оние акти за кои позитивно се изјаснило мнозонството од вкупниот број на членови во одборот кој брои седум члена

Акти донесени со помалку од четири гласа не се полноважни.

X. ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦАТА

член 46

За седницата на одборот се води записник.

Записникот на седницата го води записничар избран од редовите на членовите на одборот или секретарот на училиштето.

член 47

Записникот на седницата содржи

- реден број на записникот;
- датум и место на одржување на седницата;
- Почеток на седницата;
- Набројување на присутни лица на седницата;
- Дневен ред на седницата;
- Претресот и дискусиите на присутните лица ;
- Текот на одлучувањето и донесената одлука
- Други настани на седницата.;

Членот на одборот кој на седницата издвојува и мислење може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговата изјава заведени како издвоено мислење.

член 48

Записникот од одржаната седница на одборот се заверува во архива, со архивски број најдоцна три дена од денот на одржаната седница.

член 49

Записникот од одржаната седница се заверува своерачно со потпис на претседателот.

XI. РАБОТНИ ТЕЛА НА ОДБОРОТ

член 50

За разгледување прашања и давање мислења и предлози, како и за поднесување решенија по определени прашања од својата надлежност, одборот со поединечен акт формира комисии и други постојани и привремени работни тела кои ги обврзиува со одредени задолженија.

член 51

Постојаните и повремените комисии и другите работни тела се основаат со посебна одлука што се донесува на седница на одборот.

CamScanner

Со одлука за формирање на телото се пропишува персоналниот состав, се одредува претседателот, делокругот, овластувањата и времетраењето на мандатот во телото на сите членови.

член 52

Актите што ги донесуваат телата формирани од одборот ги потпишува претседателот на формираното тело.

XII. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ

член 53

Сите Одлуки на Одборот се објавуваат на огласна табла на училиштето без одложување.

XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 54

Измени и дополнување на деловникот за работа на училишниот одбор се вршат во постапка за донесување на деловник.

Овој деловник е донесен со одлука на Училишен одбор бр. 02-312/3 од 07.02.2020 година.

Овој деловник влегува во сила со денот на негово донесување од страна на одборот.

Со донесување на овој деловник престанува со важност деловникот со дел бр 02-88/3 од 25.02.2009 година

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЈУБЕН ЛАЗАРОВ
Аеродром-Скопје

Претседател на училишен одбор

Сања Станисавовска

Сања Станисавовска